20251232773

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА ОД ВОЗНЕМИРУВАЊЕ НА РАБОТНО МЕСТО

Се прогласува Законот за изменување на Законот за заштита од вознемирување на работно место,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 12 јуни 2025 година.

Бр. 08-3382/1
12 јуни 2025 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Siљановска-Давкова,** с.р.

Претседател на Собранието
на Република Северна
Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА ОД ВОЗНЕМИРУВАЊЕ НА РАБОТНО МЕСТО

Член 1

Во Законот за заштита од вознемирување на работно место („Службен весник на Република Македонија” број 79/13 и 147/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 103/21), во член 35-а во ставот (9) зборовите: „министерот надлежен за работите од областа на трудот“ се заменуваат со зборовите: „министерот за економија и труд“.

Член 2

Во член 37 во ставот (3) зборовите: „министерот за труд и социјална политика“ се заменуваат со зборовите: „министерот за економија и труд“.

Член 3

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.